Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 03 – 690/1
18.03 20 19 год./viti
Скопје / Shkup

TURKISH AIRLINES

**Влада на Република Северна Македонија**

**Агенција за промоција и поддршка на туризмот**

Поаѓајки од потребата да се постигне поголема промоција на туризмот на Република Северна Македонија во рамките на државата и надвор,

Создавање подобри услови за странските и домашните туристи, создавање нови форми на промоција, зајакнување на односот со туристичкото стопанство, зголемена поддршка во создавање нови туристички аткракции, како и подобри услови за заедничко делување на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија и Turkish Airlines,

Со цел заедничко делување во јакнење на меѓусебната соработка, како и унапредување на соработката и заедничкиот настап пред, но и со други институции,

Со заложба за понатамошен развој и подигнување на степенот на соработка во иднина, долупотпишаните страни взаемно ја утврдија и усогласија содржината на следниот:

# *МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА*

Склучен на ден ____________________ година помеѓу:

**Агенција за промоција и поддршка**
**на туризмот на Република Северна Македонија**

застапувана од Директорот Љупчо Јаневски

**и**

**Turkish Airlines**

застапувана од Директор Пинар Ајваз Арикан

со следната содржина

## Член 1

Предмет на овој меморандум претставува воспоставување на соработка помеѓу Агенци за промоција и поддршка на туризмот и Turkish Airlines, со цел успешна реализација на соработката за заедничко поттикнување на промоцијата и поддршка на туризмот, во земјава и надвор.

## Член 2

Со овој меморандум, во рамките на заложбите истакнати во преамбулата на овој документ, потписниците се согласни заеднички да соработуваат и да делуваат во остварување на следниве цели:

- создавање на услови преку кои ќе се постигне деловна соработка помеѓу субјектите,
- создавање подобри услови за странските и домашните туристи,
- создавање нови форми на промоција,
- зајакнување на односот со туристичкото стопанство,
- зголемена поддршка во создавање нови туристички аткракции
- организирање на заеднички акции
- унапредување на соработката со други заинтересирани субјекти

## Член 3

За остварување на заедничките дефинирани цели со овој Меморандум, потписниците, се согласни да ги реализираат следните активности:

- заедничка промоција на иницијативите и проектите произлезени од оваа соработка дома и во странство;

- воспоставување контакти со надлежните институции и започнување на соработка со сите заинтересирани субјекти, а сето од заеднички интерес, во врска со целите утврдени со овој Меморандум;

- поддршка и давање препораки при воспоставување и проширување на соработката;

- проширување на мрежата на соработка со други институции и организации;

- меѓусебно информирање за постигнатите резултати произлезени од оваа соработка.

- логистичка поддршка, соработка на инфо тури и B2B средби во земјава и надвор, организирање заеднички форуми, средби и „road show“ како и создавање на нови форми на промоција

- создавање заеднички нови иницијативи за зајакнување на туристичката понуда и туристичкиот сектор

- Создавање на туристички производи, базирани на културата, традицијата, историјата и природни богатства;

- Взаемна размена на промотивни материјали за потребите на двете институции;

- Заедничка промоција на веќе постоечките туристички производи, со цел промоција на истите на потенцијални странски туристички пазари;

- Соработка во делот на размена на информации, искуства и добри пракси во делот на туризмот

- Соработка за привлекување на инвестиции во Република Северна Македонија;

- Соработка за идентификување на области за подобрување на политиките и развој на приватниот сектор во туризмот.

## Член 4

Содржината на овој Меморандум може да се менува само со писмена согласност на другите страни-потписнички. Истиот може да биде прекинат од било кој потписник со претходна најава од 30 дена.

## Член5

Овој Меморандум е изготвен на англиски и на македонски јазик. Доколку постои некое недоразбирање или двосмисленост, за важечка ќе се смета македонската верзија. Меморандумот ќе биде потпишан во два еднообразнипримероци на секој од двата јазици, по еден за секоја страна.

## Член 6

Меморандумот за соработка стапува во сила и ќе се применува со денот на неговото потпишување, па се до неговото раскинување или откажување на неговата важност согласно одредбите од Законот за облигациони односи.

## Член7

Овој Меморандум за соработка стапува на сила од денот на потпишувањето.

Страни потписнички на Меморандумот за соработка:

Влада на Република Северна Македонија

Агенција за промоција и поддршка на туризмот

Агенција за промоција и

поддршка на туризмот на

Република

Северна Македонија,

Директор,

Љупчо Јаневски

Turkish Airlines,

Директор,

Пинар Ајваз Арикан

Септември, 2019 година

Скопје